**20091092094**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 и член 31 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08), член 7 од Законот за органско земјоделско производство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04 и 89/08), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/06 и 88/08), и член 15 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24.08.2009 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2009 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/09, 23/09, 45/09, 70/09 и 84/09) во делот II во табелата во потточката 1.1. во колоната „критериум и висина на поддршка", износот во висината на поддршката: "6 000,00 ден/ха" се заменува со износот "8 000,00 ден/ха" и во колоната износ, износот "400 000 000,00" се заменува со износот "550 000 000,00".

Во потточката 1.2. во колоната „критериум и висина на поддршка", износот во висината на поддршката: "6 000,00 ден/ха" се заменува со износот "8 000,00 ден/ха".

2. Во делот III во потточката 2.3. во колоната „износ", износот „300 000 000,00" се заменува со износот „200 000 000,00".
Во потточката 2.12. во колоната „износ", износот „90 000 000,00" се заменува со износот „40 000 000,00".

3. Во делот XII во ставот 8 во воведната реченица, бројот 5.8. се брише.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4082/1
24 август 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.